РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3856/2 (2020)

16 01 2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-мата седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3856/1 од 11.11.2020 година, со наводи за непостапување на Општина /// согласно договорените услови на спроведувањето на постапка за експропријација, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-3856/1 од 11.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 11.11.2020 година, поднесена е пријава со наводи за непостапување на Општина /// согласно договорените услови на спроведувањето на постапка за експропријација, и оформен е предмет број 12-3856/1 од 11.11.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека е сопственик на КП/// во КО ///, запишана во ИЛ/// на која парцела имал и легализирани објекти, запишани во ИЛ///.

Согласно Договор за пренесување на право на градење од 09.07.2018 година, подносителот на пријавата до ДКСК во својство на отстапувач, на Општина /// во својство на стекнувач, пренел право на градење на недвижниот имот – градежно изградено земјиште на КП/// КО /// на ул.///, запишано со право на сопственост во ИЛ///, за да може да се изврши проширување на улицата која поминува покрај КП///, согласно ДУП за населба ///, ///.

Според наведеното во пријавата, при градежните работи за проширувањето на улицата, на имотот на подносителот била сторена поголема материјална штета – уништување на повеќегодишни посеви, отстранување на бетонска ограда и оштетување на помошен објект, по што Општината со допис од 12.07.2018 година го известила подносителот дека освен што ќе се спроведе постапка за експропријација, поради оштетување на оградата, ќе биде направена нова.

Во пријавата доставена до ДКСК подносителот пријавува дека Општината не го исполнила делот од известувањето што се однесува на сторената штета, и дека штетата не му била надоместена.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk